

АНА ЦВЕТКОСКА - ПАНОВА
м-р. АНГЕЛИНА ДАМЈАНОСКА - НАУМОСКА

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

ЗА ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ
НА ОСНОВНОТО ОСУМГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

Томер

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## ЗА ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ
## НА ОСНОВНОТО ОСУМГОДИШНО ОБРАЗОВАНИЕ

# Вовед

**Учебникот за ликовно образование ги опфаќа сите важни поими од оваа област предвидени со наставната програма за VI одделение на осумгодишното основно образование. Во овој учебник се опфатени и образложени некои од ликовните елементи и принципи од сите ликовни области, ликовните средства и нивната правилна употреба и естетското проценување. На ученикот му ги нуди и елементарните знаења за визуелните комуникации и дизајнот.**
**Поради тоа опфатени се ликовни мотиви кои можат да се воочат во секојдневниот живот и опкружување, но и содржини кои се обработуваат во другите наставни области.**
**Во учебникот се опфатени и примери за набљудување, а ученикот треба самостојно, црпејќи знаења од нив, да пронаоѓа содржини за сопствен ликовен израз од природата, општеството и од личното доживување на светот кој го опкружува.**
**Ученикот може да се определи и за други мотиви кои му се поблиски и поинтересни од оние кои му се понудени во учебникот, што не е грешка. Откако ќе го открие мотивот во кој тој ќе препознае ликовна содржина, ученикот - творец, треба да го определи и начинот на своето ликовно изразување.**
**Одлика на неговото изразување треба да биде самостојноста, фантазијата, индивидуалноста и оригиналноста.**
**Во учебникот се приложени ликовни дела, најважни ликовни дисциплини и техники, со цел на ученикот да му се понуди богата содржина за запознавање со уметноста и поттикнување на ликовните активности. Примерите се од светското и националното културно и уметничко наследство.**
**Изборот на техниката, постапките и ликовниот материјал кои ученикот ќе ги примени во ликовниот израз би требало да произлезат од личната иницијатива и индивидуалното расудување.**

*Драги ученици!*

*Пред вас е учебникот за шесто одделение на основното осумгодишно образование. Во него ќе откриете нови начини на ликовното изразување и некои појаснувања за тоа како настанува или се создава ликовната творба - дело.*
*Ќе запознаете нови ликовни материјали и постапки за нивно користење како и ликовни техники од сите ликовни теми - подрачја (цртање, сликање, скулптура, графика и графички дизајн).*
*Ќе ви овозможи да ги надградите вашите сознанија и знаења за линијата, бојата, формата, просторот, за дводимензионалниот и тродимензионалниот ликовен израз, стекнати со претходното образование.*
*За полесно да ги совладате и надградите вашите знаења за тоа како да ја користите линијата, бојата и формата ви нудиме примери од ликовната уметност.*
*Преку наставните единици на овој учебник ќе го збогатите и вашиот јазик со нови ликовни поими, како и нивно поврзување со природата и околината, но и со уметничките дела кои ќе ги спознаете во текот на својот живот директно или преку книгите на историјата на уметност.*

*Од авторите*

# Ликовни елементи

## ЛИКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ

Ликовните елементи се основата на секое уметничко дело. Познавањето на ликовните елементи, нивните својства,и заемни односи ни помага во сопственото изразување како и во запознавањето со светот на ликовната уметност.Со повеќето од нив веќе сте се запознале во претходните години. Но, да се потсетиме за побитното, а и да дознаеме нешто повеќе...

# ЛИНИЈА

Линијата е основен ликовен елемент.Таа е застапена во сите видови ликовно творештво - во цртежот (доминантна е), сликата, графиката, скулптурата, дизајнот, архитектурата, фотографијата.



Винсент Ван Гог - " Чемпреси"



Албрехт Дирер -" Тајната вечера"

Постојат два вида линии: прави и криви. Правата линија е само една, а кривата линија има многу варијанти (поради различните агли на свивање). Во едно ликовно дело линиите меѓусебе може да се слични (хармонични), но може да бидат и контрастни (спротивни). Кога линијата постепено преоѓа од права во крива или обратно - се добива градација во линија.



хармонија во линии



контраст во линии



градација во линии

Линиите можат да ни изгледаат најразлично (благодарение на нивниот карактер) - тенки, широки, проѕирни, густи, динамични, рамномерни, остри, испрекинати и сл. Уметниците ги користат различните состојби на линиите за да ги изразат своите ликовни доживувања.



нежни линии - Леонардо да Винчи



груби линии - Жорж Руо



разновидни линии - Ван Гог



правилни линии, орнамент

**Контурна и текстурна линија**

Во ликовните дела разликуваме контурна и текстурна линија:

**Контурната** линија ја определува надворешната граница на одредената форма и ја одделува од околниот простор.

**Текстурната** линија ја доловува површината на материјата со неа може да добиеме впечаток на најразлични текстури.



контурни линии - А. Матис



текстурни линии

Со користење на различен интензитет и испреплетеност (шрафура) на линијата може да добиеме плоштини со различна тонска вредност.



А. Дирер - Витез и смрт" детал



цртеж со шрафури

Вежби:

Подели го листот на два дела. Во едниот направи композиција со прави, силни, погруби линии, а во другиот дел композиција со криви, нежни линии. Која композиција повеќе ти се допаѓа?
Нацртај неколку предмети од твојата околина со контурна линија. На друг лист нацртај ги истите предмети со користење на текстурна линија.

# БОЈА

Како би изгледал светот околу нас без боите? Бојата е многу важна во секојдневниот живот, но исто така и во светот на уметноста таа е еден од важните ликовни елементи.

Да дознаеме повеќе:

Бојата е впечатокот што се создава во нашите очи како резултат на одблесокот на светлината. Ако нема светлина - нема ни боја. Белата светлина се состои од светлосни зраци кои кога паѓат врз предметите во помала или поголема мерка се одбиваат од нив. Одбиените зраци ги гледаме како различни бои. Бојата на еден предмет зависи од тоа како тој ја прима или ја одбива светлината. Ако предметот ги впие (апсорбира) сите светлосни зраци, тој ќе биде црн, а ако ги одбие сите - ќе биде бел. Ако предметот ги впие сите зраци освен црвениот - тој ќе биде црвен.



Значи, бојата е израз за впечатокот што настанува во нашиот мозок, кога светлината ќе ги ,,надразни" нашите очи.



Луѓето откриле дека белата светлина може да се разложи со помош на призма. Боите на видливиот спектар се: црвена, портокалова, жолта, зелена, сина и виолетова.

Да се потсетиме:

Основниот круг на боите покажува како се поврзани боите.



**Основни** (првостепени,примарни) бои се црвената, жолтата и сината. Тие не можат да се добијат од другите бои. Со мешање на примарните бои се добиваатостанатите бои.



**Второстепени** (секундарни) бои се зелената, портокаловата и виолетовата. Една секундарна боја се добива со мешање на две примарни бои.







Постои и поделба на **топли** и **студени** бои.Топли бои се црвената, портокаловата и жолтата (и боите што се добиваат со нивно мешање). Студени бои се сината, зелената и виолетовата (и боите добиени со нивно мешање). Топлите бои се повпечатливи, поактивни и доаѓаат во преден план.

Студените бои се посмирени, побавни и одат во заден план.



студени бои



топли бои



Лазар Личеноски - "Афиони"



Борислав Траиковски - "Патеки"

## ХРОМАТСКИ И АХРОМАТСКИ БОИ

Боите се делат на **хроматски** и **ахроматски**.
Хроматски се сите бои од спектарот и боите што се добиваат со нивното мешање.
Ахроматски (неутрални) бои се црната, белата и сивата боја.



Слика со ахроматски бои - "Герника", Пикасо



ахроматска композиција



хроматска композиција

Вежби:

Насликај една композиција со темперни бои. Потоа насликај го истиот мотив, но користи ги само ахроматските бои. Потруди се боите од ахроматската композиција да имаат што послични тонски вредности со тие од хроматската композиција.

## ХАРМОНИЈА НА БОИТЕ

Зборот хармонија значи усогласеност, согласност, сличност. Често пати поимот хармонија се користи во музиката за означување повеќе тонови кои звучат согласно. Во ликовната уметност хармонични (усогласени) бои се комбинациите од две, три и повеќе соседни бои во спектарот. Хармонијата на боите може да се прошири и со нивно мешање со ахроматските бои (црна, бела и сиви бои).



Хармоничните бои делуваат смирувачки и пријатно врз човекот. Затоа, многу често се употребуваат и во уредувањето на становите и деловните простори, во облеката и сл. Но треба да внимаваме зашто ако се претера со хармонијата може да добиеме и монотонија (чувство на едноличност, досада )

Примери за хармонија на бои:



Тарнер - “Големата западна железница”



хармонија на бои во текстил



Сезан - Патот во Роше-Гијон”



хармонија на бои во ентериер

## КОНТРАСТ НА БОИТЕ

Зборот контраст значи спротивност, различност. Примери за контраст среќаваме во секојдневниот живот (дебело - слабо, лошо - добро, ден - ноќ, тага - радост и др.) Контрасти има и кај боите. Боите што се наоѓаат една наспроти друга во основниот круг на боите се контрастни бои. Тие уште се нарекуваат и **комплементарни** бои (комплементарно - нешто што се надополнува.)
Комплементарни бои се:

црвена - зелена



сина - портокалова



жолта - виолетова



Овие бои се наоѓаат една наспроти друга во основниот круг на боите.



Кога комплементарните бои ќе ги поставиме една до друга - тие стануваат појаки, појасни. Во природата најлесно се забележуваат таквите комбинации на бои.








Затоа тие многу често се користат при изработка на плакати и реклами.







Примери за комплементарен контраст во слика



Кит Харинг - “Без наслов”



Емил Нолде - “Сино-зелено небо”



Ван Гог - “Сејач”

Ако контрастните бои меѓусебе ги измешаме, ќе добиеме нејасни, земјени бои.



## Комплементарен контраст

| Зголемена јачина на бојата | Намалена јачина на бојата |
| --- | --- |
| црвена-зелена | мешана зелена и црвена |
| жолта-виолетова | мешана сина и портокалова |
| сина-портокалова | мешана виолетова и жолта |

Задача:

1. Пронајди ги контрастните бои во сликата на Ван Гог. Какви чувства предизвикува кај тебе сликата?

2.Во техника колаж направи композиција со користење на две комплементарни бои.

# ТОН

Тон е количеството на светлина во една боја. Светлинската вредност на тонот се нарекува валер. Тоновите се изразуваат со скала од најсветлиот до најтемниот тон (тонска скала). Постојат **ахроматски** и **хроматски** тонски скали.

-Ахроматска тонска скала се добива кога со мешање на бела и црна боја добиваме повеќе сиви тонови.

-Хроматска тонска скала се добива кога на хроматска боја и се додава ахроматска боја (со додавање на црна боја се добиваат потемните тонови, а со додавање на бела посветлите тонови)



Ахроматска тонска скала



хроматски тонски скали



Круг на бои со нивните тонски вредности - според Јохан. Итен, Баухаус





Осветлување и затемнување на боите од спектарот



Во ликовното дело тоновите можат да бидат во **хармонија** (кога целата слика е со светли, со средни или со темни тонови), во **контраст** (кога се застапени само крајните вредности на тоновите (светли и темни, без средни тонови) и во **градација** (кога со постепени премини се застапени сите вредности на тоновите.)

Пол Кле, градација на тонови во слика

Црната и белата боја се наоѓаат на краевите од секоја тонска скала. Ако тие се најдат една до друга се добива впечаток на приближување, односно на оддалечување: белата боја има својство да се шири надвор од своите граници, па остава впечаток на приближување, додека црната боја се собира во границите, па ни изгледа како да се оддалечува.



Сликарите често пати ги користат промените на тоновите за да добијат илузија на простор и тродимензионални форми во своите слики.



Енгр - "Портрет на Молтедо" детал



Џакомети - "Жан Жене"



Ешер - “Три сфери”

Тонски цртеж кај кој дводимензионалните форми преминуваат во тридимензионални со помош на играта на светлото и темното.



ученичка творба



Детал од графиката “Тајната вечера” на Албрехт Дирер

Плоштини со различна тонска вредност (добиени со шрафура - различна густина на линиите)

Задача:

1.Направи цртеж (мртва природа) со лавиран туш. Употреби барем пет различни тонови. Обиди се со акварелни бои да го насликаш истиот мотив, но притоа користи ги тоновите на некоја хроматска тонска скала.
2.Направи цртеж во кој ќе се обидеш да прикажеш плоштини со различна тонска вредност (со помош на шрафура).

# ТЕКСТУРА



Да се потсетиме:

Текстурата е ликовен елемент со кој се означува површината на секоја природна и вештачка материја. Таа може да се види, но и да се осети со допир.

Природни текстури се површините на материјалите од природно потекло кои не се преработени (кора од дрво, камен, песок, трева...).

Вештачки текстури се површините на материјалите кои ги обработил човекот: производи од дрво, пластика, метал, хартии и др.



природни текстури



вештачки текстури

Во уметноста постои и имитација на текстура - која се добива кога уметниците со разни цртачки и сликарски материјали и постапки имитираат некои површини. Тие не се вистински текстури и не се чувствуваат на допир.









Со помош на разни алатки, материјали и начини на нанесување на бојата можеме да добиеме и релјефни текстури во сликата. Тие се нарекуваат фактури.



Петар Мазев - " Презреано жито"



Ристо Калчевски - "Слика"



Ордан Петлески




Задача:

Направи слика во која ќе компонираш плоштини со различни текстури и фактури.

# ФОРМА

Формата е надворешниот лик (изглед) на предметите. Основни елементи на формата се линијата, површината, волуменот и просторот.



Бранкуси - ”Заспана муза”




Елементи на формата

Формите можат да бидат природни (камен, дрво, цвеќе, животно...) или направени од човекот (куќа, молив, креда ...). Формите можат да се **едноставни** или **сложени**, **правилни** или **неправилни**, **отворени** или **затворени**, **перфорирани** (издупчени) и др.

Формата може да се појави во два вида:

- **дводимензионална** - кога површината се оградува со линија и има само две димензии: висина и должина
- **тродимензионална** - кога се оградува дел од тродимензионалниот простор и има три димензии: висина, должина, длабочина. Тродимензионалните форми имаат волумен и маса.

Волумен е дел од просторот што го зафаќа формата.



тродимензионални



дводимензионални форми

Во ликовното творештво дводимензионални форми среќаваме во цртежот, сликата, графиката, фотографијата и др., а тродимензионални форми кај скулптурата, во архитектурата, во одредени делови од дизајнот и др.



Хенри Мур - скици



Хенри Мур - “Мајка со дете”, детал

Во дводимензионалните дела, често може да се сретне имитација на тродимензионални форми.





ученичка творба

Задача:

Нацртај неколку кругови. Потоа во некои од нив обиди се со различни тонски вредности (со постапка со забришување) да добиеш впечаток на тридимензионални форми (топки).

# ПРОСТОР

Простор е сè она што не опкружува. Целиот наш живот се одвива во просторот. Тој може да биде отворен или затворен, односно надворешен или внатрешен. Просторот може да биде и едноставен или сложен.





отворен простор





затворен (внатрешен) простор



едноставен простор



сложен простор

Во ликовното творештво се среќава поделбата на **реален простор** и **илузија на простор**. Реален простор има кај тродимензионалните подрачја - скулптура, архитектура, а илузија на простор може да има кај дводимензионалните подрачја - цртање, сликање, графика ...

Кај голем дел од овие подрачја се забележува стремежот да се добие илузија на простор. Таа може (помалку или повеќе) да се долови со помош на: преклопување на формите, со поставување на поголеми и помали форми (постепено намалување), со користење на потемни и посветли бои, со користење на топли и студени бои и др.

Некои начини на добивање илузија на простор во слика:



преклопување на форми

преклопените форми ги доживуваме како подалечни



намалување на форми

помалите форми ни изгледаат подалечни



поставување на форми едни над други

формата што е подолу ни изгледа дека е поблиску



користење на топли и студени бои

топлите бои доаѓаат во преден план



користење на светли и темни бои

светлите бои доаѓаат поблиску

Задача:

Пронајди ги начините за добивање илузија на простор во овие слики:



П. Бројгел - "Ловци на снег"



Р. Анастасов - "Човек и простор"

# КОМПОЗИЦИЈА

Композицијата е распоред или организација на ликовните елементи на сликата (уметниците одлучуваат дали линиите ќе се хармонични или контрастни, каде ќе се поставаат формите, какви комбинации на бои ќе употребат, дали ќе се светли или темни тоновите и др.) Постојат безброј можности за композиција.











Ист мотив (стол) - различни композиции

Од композицијата зависи дали уметникот ќе успее добро да ни ја пренесе својата идеја или порака. Сликарот Анри Матис рекол: ,,Композицијата е умешност на распоредување на различните елементи со кои уметникот располага за да ги изрази своите чувства... За мене сѐ е во композицијата. Затоа е потребно од почеток да имаме јасна слика за целината.''
Знаејќи ја важноста на доброто компонирање за успешноста на уметничкото дело, уметниците посветуваат големо внимание на овој процес.Тие често прават скици и цртежи во кои размислуваат за елементите на композицијата (основните маси, линиите, поставеноста на тоновите, боите, пропорциите и др.)



Подготвителни скици за "Тајната вечера"



Леонардо да Винчи -"Тајната вечера"

Композицијата тематски се дели на:

- **фигуративна,** тематски обработена композиција во која постојат препознатливи предмети и форми и
- **нефигуративна,** тематски необработена композиција

Задача:

Направи две различни слики во кои ќе нацрташ ист мотив ( предмет, животно или растение) но со големи разлики во композицијата (во однос на големините, линиите, боите, тоновите и др.

# Орнамент

# ИСТОРИЈА НА ОРНАМЕНТОТ

Орнамент (латински ornamentum - украс, шара, или ornare - украсува) е поим кој означува резбани, везени, сликани и др. украси. Според мотивот може да биде геометриски (меандер, цик-цак, забест и сл.), растителен или животински. Тој се добива со стилизација на растителни, животински и човечки облици. Орнаментот настанал поради човековата потреба да ги украсува предметите кои ги создавал. Тој ги украсувал сите предмети садови, ткаенини, алати, оружје... го украсувал и своето тело, изработувал украсни предмети - накит а подоцна низ историјата започнал да ги украсува и книгите: со букви, цртежи, илустрации и сл.... Првите орнаменти се појавилее уште во палеолитот и од тогаш па до денес играат важна улога во различните историски стилови. Орнаментот денес го среќаваме кај украсните предмети, ткаенините, но и во сликарството и скулптурата, а и во архитектурата. Некои орнаменти се создаваат за време на плетењето или ткаењето како производ на тој процес. Така плетката или ткаеното можат да бидат украс сами за себе. Орнаментот има чисто естетска (украсна) функција и не влијае на структурата и функцијата на предметот, па поради тоа модерната уметност го отфрла орнаментот, сметајќи дека е одвишен (непотребен).

За орнаментот најзначајна е стилизацијата, а тоа значи дека за изработка на орнаментот формата треба да биде прочистена од деталите, да биде поедноставена, но истовремено да не ја загуби суштината.



Бронзен престол VII век п.н.е. - детал



Украсување на телото во Индија



Орнаментиран ритуален сад, I век п.н.е.



Орнаменти во македонското народното творештво

## ВИДОВИ ОРНАМЕНТИ

Низ историјата орнаментот се развивал и постепено се издиференцирал во повеќе различни видови. Постојат две поделби според кои денес ги разликуваме и ги делиме орнаментите: според мотивот т.е. стилизацијата што ја претставуваат или според нивниот облик.
Така во однос на мотивот што се користи за изработка на орнаментот тој може да биде: геометриски, растителен, животински, човечки и комбиниран.





Стилизирани човечки фигури, предмети и појави во индијанската уметност (племе Навахо)



Комбинирање на стилизирани фигури од растително и животинско потекло



Стилизација на животни и растенија на мозаик, Хераклеа - Битола



Геометриски орнаменти (келтски мотиви)



Антички кратер, од геометриски стил

Според обликот на орнаментот, тој може да биде тапетен - кога шарите се шират во сите правци (хоризонтално, вертикално, дијагонално), а фриз - кога шарите се поставени по должина (често се користи во архитектурата, како бордура на носии или облека, на садови и др.), и во вид на лента или розета - кога орнаментот има кружна форма (во обликување на накит, во архитектурата и др.).



Тапетен орнамент, според нацрт на Вилјам Морис



Розета во народното творештво, плетка



Таванска розета (Македонија)



Фриз во архитектурата



Фриз, мотиви од мексиканското народно творештво



Ритам на форми во фризот



Комбиниран орнамент

## ПОДЕЛБА НА ОРНАМЕНТОТ



# ОРНАМЕНТОТ ВО НАРОДНИТЕ НОСИИ ВО МАКЕДОНИЈА

Секој народ се карактеризира со сопствен начин на украсување т.н. орнаментика. Македонскиот орнамент во народното творештво е специфичен по боите и формите и се разликува од орнаментите кај другите народи. Тоа може да се забележи на везовите и исткаените шари на носиите и ќилимите, но и кај накитот.

Македонија задржала траг на прастари форми, кои ја доведуваат во непосредна врска со старобалканската орнаментирана туника, употребувана на Балканот уште пред доаѓањето на Словените.





Општа одлика на македонскоит вез е строго геометриската орнаментика. Геометриските мотиви се најмногу застапени - од наједноставни прави и цик-цак линии до сложени геометриски облици. Кај носиите е застапен и орнаментот со растителен мотив, цветни мотиви како стилизација на облици на цвеќиња.

Стилизирани мотиви на животни и луѓе се многу ретка појава во македонскиот вез.





Орнаментика со стилизирани растителни и геометриски форми





Комбинирање на орнаменти

Задача

Нацртај три орнаменти и именувај ги според обликот:

СКУТИНА

...............

...............

...............

# Ликовни подрачја и техники

# ЦРТАЊЕ - ЦРТАЧКИ ТЕХНИКИ

Цртежот е посебен вид ликовна творба во која основно изразно средство е линијата. Цртежот е пред се ахроматски, но во него може да се појави и боја. Тој може да биде самостојно ликовно дело или да претставува подготовка за некоја слика,скулптура, графика и сл....

Цртачките материјали можат да бидат суви или течни, а некои од нив се користат и како сликарски материјали (кога бојата станува важен ликовен елемент).

Можеме да цртаме со:

**- молив-** најчесто користено цртачко средство, што овозможува прецизни и чисти линии и поголема скала на тонови. За цртање најдобро е да се користат моливи што имаат ознака Б ( Б1, Б2, Б3 и тн). Колку е поголем бројот, толку моливот е помек и остава поинтензивна трага;



Енгр - “Портрет”, молив

**- јаглен -** тој може да биде пресуван и непресуван и карактеристично е што може да остава многу црни траги на листот.;



Рембрант - ”Автопортрет”, јаглен



Пабло Пикасо - ”Жена што стои” , јаглен

- **креди** - можат да бидат во различни бои и со нив се остава погруба трага. Добри се за изработка на поголеми формати;



Микеланџело - "Студија за Сибилите",
креда и јаглен

- **пастел** - може да е сув или восочен. Пастелот е пигмент на кој е додадено врзиво што го држи пигментот во форма на стапче;

- **туш** - тој може да се нанесува со различни средства (перо, четка, дрвце, а може и да се разредува со вода - (лавиран цртеж) - при што се добиваат тонски степенувања;





цртеж со туш



ученичка творба (туш)

За цртање се користи и **бајц - техника**, која е слична на туш техниката, но се користи кафено-црвена боја, најчесто се користи со лавирање с о што се добиваат плоштини со различен валер.





Рембрант, бајц

- **фломастер**, **темпера** и **водени** бои (се користат како цртачки материјал само ако се работи со линии, најчесто само во една боја.)

Задача:

Анализирај и со свои зборови опиши цртеж или репродукција на цртеж по твој избор. Забележи со кој ликовен материјал е изработен, кој мотив го одбрал уметникот (или ученикот - доколку се работи за ученичка творба), какви се линиите, дали е изразен контраст во тоновите или се добиени различни тонски вредности, се појавува ли имитација на текстури, дали е добиена илузија на тридимензионалност... Искажи ги твоите лични доживувања околу творбата.

## ЕСТЕТСКА АНАЛИЗА НА ЦРТЕЖ

Автор: ________________

Наслов: ________________

Техника: ________________

Опис: ________________

# СЛИКАЊЕ И СЛИКАРСКИ ТЕХНИКИ

Најзастапено ликовно подрачје во ликовната уметност е сликањето. Сигурно е дека бојата е еден од најзначајните ликовни елементи во сликата, но тој збор го употребуваме и за материјалот со кој сликаме. Боите може да имаат природно потекло ( добиени од различни растенија растенија, минерали, па дури и од животни) или од хемиско потекло. Боите ги добиваме во вид на сув, ситен прав (пигмент). Тој прав се меша со врзивно средство, кое ги ,,спојува,, зрнцата прав и овозможува бојата да се задржи по површината на која боиме. Според врзивните средства, разликуваме различни видови бои: акварелни, темперни, маслени, креди и др.

Може да се слика на различни подлоги: хартија, платно, ѕид, дрвена табла, стакло, метал и др.

**- пастел** - пастелот се користи и како сликарска техника. Сликата со пастел обавезно се фиксира (со фиксатив или лак за коса) за да не отпадне бојата.



Пастел -Чермјен Едгертон



Пастел, ученичка творба

**- акварел** - свежа и јасна техника со користење на лазурни слоеви. Бојата се раствора со вода, се нанесува на слоеви и брзо се суши.



Акварел - Албрехт Дирер



Акварел, Раул Дифи

**- темпера -** една од постарите ликовни техники. Боите се погусти и се раствораат со вода. Брзо се суши, нема сјај.



Сандро Ботичели
" Портрет на момче"



Темпера, ученичка творба

**- маслени бои -** техника кај која боите се мешаат со терпентин и ленено масло. Споро се сушат и може да се нанесуваат од тенки слоеви (при што се проѕирни) до многу густи слоеви. Боите може да се чисти, сјајни и интензивни.



Јан Вермер -"Млекарка"

**- акрилик -** понова сликарска техника кај која боите се од синтетичко потекло.Се раствораат со вода, брзо се сушат а во зависност дали се нанесуваат разредени или густи, може да изгледаат како акварел или маслена техника.



Даниел Спалато - акрилик на платно



Виктор Вазарели - акрилик на платно

**- енкаустика** е стара сликарска техника во која боите се мешале со восок, и се нанесувале на ѕид или на плочи.



Портрет од Фајум, енкаустика

- **фреска** - техника која се работи директно на ѕид, на воден или сув малтер



Фреска од црквата "Свети Пантелејмон" - Нерези

- **мозаик** - сликарска техника која се изработува со ситни камчиња во боја кои се зацврстуваат во малтер



Мозаик од Хераклеа

- **витраж** - слика составена од ситни обоени стакленца споени меѓусебе со метални шипки.



Витраж во Лион

- **таписерија** - слика која се создава од испреплетени конци од памук, волна и др.



- **батик** (потекнува од источните земји ) -техника при која се користи восок (со течен восок се нанесува цртежот, а кога ќе се исуши врз површината се нанесуваат бои - кои не ги покриваат површините и линиите прелиени со восок. Потоа се отстранува восокот при што линиите од цртежот остануваат необоени).



- **колаж** - сликарска техника која се добива со лепење на различни материјали (хартија, ткаенини и др.)



Колаж - Пикасо,
"Виолина и гитара"



Колаж - ученичка творба

Задача:

Анализирај и со свои зборови опиши слика или репродукција на слика по твој избор. Забележи во која сликарска техника е изработена, кој мотив го одбрал уметникот (или ученикот, доколку се работи за ученичка творба), дали се работи за фигуративна или нефигуративна композиција, дали боите се хармонични или контрастни, доминираат ли топлите или ладните бои, дали се користени различни текстури и сл... Искажи ги твоите лични доживувања околу творбата.

## ЕСТЕТСКА АНАЛИЗА НА СЛИКА

Автор: ____________________

Наслов: ____________________

Техника: ____________________

Опис: ____________________

## СКУЛПТУРА (Пластично обликување)

*Lat.sculptura ,gr... plassein*: обликување

Скулптурата (пластичното обликување) е тродимензионално уметничко дело кое може да се појави како полна пластика или релјеф.






Донатело, Детал од релјефот за Сан Лоренцо



Микеланџело - “Давид”, статуа



А. Калдер - мобил

Релјефот е секогаш поврзан со рамната површина на која е поставен. Тој може да биде висок (со испакнат волумен и форми, делумно поврзан со позадината), низок (многу малку издаден над површината) и длабок(со вдлабени форми во површината на плочата).



Ангкор, Камбоџа - висок релјеф



Ранетата лавица, Месопотамиска уметност - низок релјеф



Акхенатен, Египет - длабок релјеф

Површината (текстурата) на скулптурите може да биде мазна, рапава, груба, блескава. Таа може да е проѕирна или непроѕирна. При обликувањето на скулптурата, скулпторот размислува и за бојата на скулптурата ( секој материјал си има своја природна боја, но понекогаш скулпторите ги бојат скулптурите)



Писарот, обоен варовник



Скулптурите можат да имаат најразлични димензии, од **минијатурни** - со многу мали димензии од неколку центиметри до **монументални** - со огромни димензии.



А. Луј Бар, минијатура во бронза (8x5x3 цм)

Х. Мур, монументална скулптура (673x279 цм)

Скулптурите можат да се наменети за затворен простор (галериски) или да се наменети за отворен простор (споменици, фонтани и сл...). Тие може да бидат самостојни или пак да се поврзани со архитектурата.



Бранкуси - Новороденче



Нептун- Богот на морето, фонтана во Рим

Скулптурата може да биде изработена од различни материјали. Некои скулптури во зависност од материјалот се изработуваат со одземање (со помош на длета, ножеви) некои со додавање, сечење, лепење, лиење, кинење, составување и др. Скулпторите во минатото настојувале да направат дела што ќе бидат долготрајни, па работеле со издржливи (и скапи) материјали како бронза, камен (мермер, гранит, порфир), а користеле и скапоцени материјали како злато, сребро, жад и слонова коска. Сепак почесто се користеле поефтини материјали - како дрво (даб,орев и др....), теракота (печена глина), цинк и сл.. Во поново време скулпторите пронаоѓаат нови начини и материјали за изработка на скулптури. Се среќава и асамблажот- техника на спојување на готови предмети во уметничко дело. Се користат делови од машини, парчиња стакло, пластика, па дури и материјали како мраз, песок и др.



афричка скулптура, дрво



Роден, камен



Пикасо,керамика



Пикасо, Асамблаж



Калдер, жица



Ѓакомети, бронза




Темите кај скулптурите можат да се најразлични: од **фигуративни** - со различни претстави на луѓе, животни, предмети, симболи, до **нефигуративни** - апстрактни (непрепознатливи форми). Пред да ги изработат скулптурите, скулпторите често прават скици и мали дела - наречени макети - од материјали како гипс, восок, глина и др...



Од идеја до реализација - Хенри Мур

При изработката на скулптура од глина, потребно е прво да се направи конструкција (со помош на жици, дрвца, весници и сл.)











Алати и процес на изработка на скулптура од глина



Портрет, глина

Задача:

Анализирај и со свои зборови опиши скулптура или фотографија на скулптура по твој избор. Забележи во кој материјал е изработена, дали се користени типични или атипични материјали, кој мотив го одбрал уметникот (или ученикот, доколку се работи за ученичка творба), дали се работи за едноставна или сложена форма, со какви димензии е, дали е боена ... Искажи ги твоите лични доживувања за творбата.

## ЕСТЕТСКА АНАЛИЗА НА СКУЛПТУРА

Автор: ______________________________

Наслов: ______________________________

Техника: ______________________________

Опис: ______________________________

# ГРАФИКА

Графиката е ликовно подрачје во кое ликовното изразување се одвива преку печатење - умножување на дводимензионална ликовна творба (дело). Уметникот што се занимава со изработка на уметничка графика се нарекува графичар и тој е учесник во целокупниот процес на создавање на графиката. Карактеристика на графичкиот лист е сигнатурата која опфаќа: потпис на уметникот, наслов на делото, графичка техника и нумерација на листот со молив на предната страна на листот. Потпишаните графички листови ги нарекуваме оригинални графички листови - графики. За изработка на графика е потребно да се определи мотивот и да се направи нацрт - скица. Скицата може да се изработи во различна ликовна техника (молив, туш, темпера). Потоа врз основа на таа скица се изработува матрица. Начинот на изработка на матрицата зависи од графичката техника. Оваа матрица премачкана со боја треба да послужи за добивање на отпечаток или т.н. графички лист. Бројот на графичките отпечатоци зависи од потребите на уметникот.



Албрехт Дирер - “Јавачите на апокалипсата”

## ПРОЦЕС НА СОЗДАВАЊЕ НА УМЕТНИЧКО ДЕЛО - ГРАФИКА





Цртеж и графика изработена според истиот цртеж

За изработка на графика во било која техника потребно е најпрво да се одбере соодветен мотив од непосредната околина. Мотивите што најчесто се користат за графика треба да се со карактеристичен светло - темен контраст. Особено за графиките изработени во линорез во една боја е карактеристичен црно - белиот контраст. Скиците и цртежите се изработуваат во техника молив, туш, темпера и др. За да се постигне градација на тон со иста боја се режат линии со различна густина и се користи преплет на линии.





Линии со различна густина, и преплет на линии



Графика на која авторот со помош на преплет на линии со различна густина постигнал тонска градација (Бакропис, Џорџо Моранди - ,,Голема мртва природа ),,

Потоа скицата треба да се пренесе со помош на прецртување врз матрицата, па дури тогаш се започнува со режење и длабење на соодветниот мотив.

(За техниката картон-печат постапките се сечење, отсекување, лепење)

Откако ќе се подготви матрицата се преминува кон нејзино отпечатување. Бојата се нанесува со помош на графички валјак и графичкиот лист се отпечатува рачно или со помош на графичка машина - преса.



Длета за техниката дрворез и постапка на длабење



Постапка на отпечатување на графика во техника на висок печат

За компјутерската графика е карактеристично тоа што таа се отпечатува на компјутерски печатач или плотер.

Откако бојата ќе се исуши се пристапува кон потпишување на графичкиот лист. За разлика од сликите графичкиот лист се врамува во стакло за да се заштити од надворешни влијанија.

## АЛАТ И ПОМАГАЛА

За изработка на графичкиот лист графичарот користи алат и помагала кои се разликуваат во зависност од графичката техника во која се изразува. Алатот го сочинуваат специјални длета за режење, длабење и гребење, гумени валјаци и шпакли за нанесување на боја, боја, графичка машина - преса која може да биде механичка или електрична, компјутер, печатач. За одредени графички техники се користат и киселини со помош на кои се нагризуваат металните плочи - матрици за длабок печат, сита за сито печат и др



Механичка графичка преса





Плотер



Длето - " клацкалка" за мезотинта



Длета - игли за сува игла

## ГРАФИЧКИ ТЕХНИКИ

Во претходните одделенија се запознавте со некои графички техники: монотипија, картон печат, отпечатоци со шаблони изработени од разновиден материјал.

### ПОДЕЛБА НА ГРАФИЧКИТЕ ТЕХНИКИ

Според процесот и постапките на печатење на графиката постои општа поделба на четири графички техники и тоа висок, длабок, рамен печат и пропустлив печат. Секоја од овие техники вклучува и други графички техники кои меѓу себе се разликуваат според материјалот од кој се изработува матрицата или според алатот и постапката за работа. Еве некои од нив.



# ТЕХНИКИ НА ВИСОК ПЕЧАТ

Техниките на висок печат се оние кај кои линиите и облиците што сакаме да ги отпечатиме се на површинскиот дел на плочата (матрица), додека меѓупросторните (вдлабнати) линии и облици не се отпечатуваат. Кај овие техники бојата се нанесува на испакнатите делови на матрицата.




## ЛИНОРЕЗ

Со основните карактеристики на линорезот и со постапките за неговата реализација се запознавте во претходните одделенија. Плочата - матрица (парче линорез) се изработува со режење со специјални делта за линорез, при што треба да се знае дека при изработката на линорез како и во сите графички техники на висок печат, оние линии и површини што се издлабени при отпечатувањето остануваат бели на графичкиот лист. Отпечатуваето се врши со нанесување на боја на матрицата (со помош на специјален валјак) и со поклопување на матрицата со лист. Отпечатувањето може да се изведе на два начина: рачно (со триење на горната страна на листот со тап предмет) и со помош на графичка машина - преса. Оваа матрица овозможува добивање на повеќе отпечатоци со речиси идентичен квалитет. Линорезот овозможува печатење на графики во две или повеќе бои при што за секоја боја треба да се подготви посебна матрица а процесот за секоја боја посебно да се повторува.



Божин Барутовски - "Јама", линорез




Пабло Пикасо - "Валариус", линорез



Ученичка творба



Дебора Клајн - ”Жена на плажа”, линорез

## ГИПСОРЕЗ

За ова графичка техника потребно е да се излие гипсана плоча, при што треба да се внимава горната површина да биде што помазна. Гравирањето, длабењето на матрицата е слично како кај линорезот, само што отпечатувањето се врши рачно и не постои можност за добивање на многу отпечатоци поради кршливоста на плочата. На отпечатоците се забележува карактеристичната порозност на гипсот.



Мадок Би, Гипсорез

### КАРТОН ПЕЧАТ

За ова графичка техника се потребни за подлога од цврст картон и материјали од синтетичко или природно потекло со специфична и изразена текстура (ребрест картон, мрежи, јажиња и др.). Од разновидниот материјал, соодветно на мотивот, се отсекуваат или се кинат парчиња и се лепат на подлогата. Со помош на валјакот се нанесува боја, се поклопува со лист хартија и рачно се отпечатува. И оваа техника поради спецификата на матрицата не дозволува повеќе отпечатоци. Картон печатот може да биде во една или повеќе бои. Карактеристично за оваа техника е што овозможува добивање на површини со различна текстура.



Ученичка творба во техника картон - печат

## ТЕХНИКИ НА ДЛАБОК ПЕЧАТ

За техниките на длабок печат се користат најчесто метални плочи (бакар или цинк) на кои се гравираат (режат) линиите на цртежот. Бојата се нанесува во вдлабнатите делови на плочата кои во процесот на отпечатувањето се пренесуваат на хартијата. Линиите на матрицата за длабок печат се врежуваат на два начина : механички (со длета, игли и сл.) или хемиски (со киселини). По механички пат се изработуваат бакрорез, сува игла, мезотинта и др., а по хемиски акватинта, бакропис и др. Техниките на длабок печат овозможуваат креирање на графики кои изобилуваат со линии со различен карактер, тонови и полутонови.





Димче Николов - ″Предел″, акватинта



Димитар Малиданов - ″Роса″, сува игла



Ученичка творба, сува игла




Анри Матис, илустрација, бакропис



Лудвиг фон Сиген -
"Амелија Елизабет", мезотинта



Винсент Ван Гог - "Човекот и лулето",
бакропис



Албрехт Дирер - "Св. Хиероним", сува игла

# ТЕХНИКИ НА РАМЕН ПЕЧАТ

Техниките на рамен печат користат за матрица рамна плоча. Тоа се графичките техники: монотипија, литографија и др. Карактеристика на овие техники е тоа што елементите кои се отпечатуваат и не се отпечатуваат се наоѓаат на иста рамнина.




## ЛИТОГРАФИЈА



Андо Хирошиге - "Големиот мост на Охаши", литографија во боја



Пабло Пикасо - "Гулаб на сива позадина" литографија



Франциско Гоја - "Портрет на печатарот Голон" литографија

## МОНОТИПИЈА

Да се потсетиме дека со оваа графичка техника се добива само еден отпечатен примерок по што и техниката го добила своето име (моно-еден, типос-отпечаток). Монотипијата може да се изработи во една или повеќе бои.



Милена Рупар - "Ќе зајде сонцето",монотипија (детал)

# ПРОПУСТЛИВ ПЕЧАТ

Овие техники го добиле името по тоа што матрицата ја пропушта бојата низ ситните пори, но само на местата каде уметникот тоа го одредил.




## СИТО ПЕЧАТ

За оваа техника се користи форма од свила, најлон или полиестер, која е растегната на дрвена или алуминиумска рамка. Оваа техника овозможува брзо печатење, големи тиражи и добивање на графики во повеќе бои. Оваа техника овозможува графиките да се отпечатуваат на хартија, платно, метал, дрво, керамика, пласика како и да се печати на разни облици.



Енди Ворхол - "Мерлин Монро дваесет пати" (детал), сито печат



Душан Перчинков - “Романтичен предел”, сито печат



Карин Шминке - “Орхидеи”, сито печат во боја на различен вид хартија

# КОМПЈУТЕРСКА (ДИГИТАЛНА) ГРАФИКА

Компјутерот е современо ликовно-техничко сретство со кое може ликовната мисла да се материјализира на сосема нов и современ начин. Актуелизацијата на компјутерот во сите пори на човековиот живот, во сферата на науката, индустријата, печатените медиуми, условува информатиката да го заземе своето место и во уметноста.

Ликовната творба работена со помош на компјутерот добива нови и досега непознати изразни специфичности.

За ова графичка техника се користат посебни компјутерски софтвери кои оввозможуваат креирање на линии, облици и бои. Со помош на маусот се обликува и реализира ликовната идеа, а со помош на ,,алатките,, се додаваат бои, форми. Ова графичка техника овозможува печатење на графики во повеќе бои истовремено (без изработка на повеќе матрици за секоја боја посебно). Овој отпечаток се нарекува компјутерска графика. За отпечатување се користат печатачи (ласер или инк-џет) или плотери, а ликовната идеа може да се сочува како и секој друг компјутерски документ.




Дигитална графика во корист на плакатната уметност



Ученичка творба

Можностите на компјутерот се големи, особено во дизајнот каде за кусо време ликовната идеа може да се креира, трансформира и изведе во безброј варијанти.



Ладислав Цветковски -"Sид", дигитална графика



Тозава Јасутка, "Почекај", дигитална графика

Задача:

Анализирај и со свои зборови опиши графика или репродукција на графика по твој избор. Забележи во која графичка техника е изработена, кој мотив го одбрал уметникот (или ученикот, доколку се работи за ученичка творба), дали користел изразен црно-бел контраст или со помош на преплет на линии со различна густина постигнал градација на тон, дали графиката е отпечатена во една или во повеќе бои... Искажи ги твоите лични доживувања околу творбата.

## ЕСТЕТСКА АНАЛИЗА НА ГРАФИКА

Автор: ______________________________

Наслов: ______________________________

Техника: ______________________________

Опис: ______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

______________________________

# Дизајн и визуелни комуникации

# ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ

Применетата уметност претставува примена на дизајн и естетика врз предметите за секојдневна употреба (утилитарни производи). Додека уметноста служи за интелектуална стимулација на набљудувачот, применетата уметност содржи дизајн и креативни идеи пренесени на практични предмети како шолја за кафе, списание или клупа во парк. Полињата индустриски дизајн, графички дизајн, моден дизајн, внатрешно уредување, архитектура, фотографија, декоративна уметност и функционална уметност се сметаат за дел од применетата уметност.



Кларис Клиф - "Бизарна вазна" (1930 г.)



Карло Алеси - "Сет за кафе" (1921 г.)



Рикардо Далиси - "Клупа за Заниси" (1989 г.)

## ДИЗАЈН И ИСТОРИЈА НА ДИЗАЈНОТ

Предметите отсекогаш се украсувале. Во времето кога не постоело индустриско производство немало разлика помеѓу создавањето на утилитарни предмети и скулптура. Обликувањето било спонтано.



Џо Понти - "Лустер од муранско стакло" (1947 г.),

Дизајнот претставува применета уметност. Зборот дизајн доаѓа од англиското Design што значи цртеж или скица; идеја изразена во цртеж. Дизајнот со еден збор е уметничко обликување на предметите за широка употреба. Тој е присутен секаде околу нас, иако честопати не сме ни свесни за тоа. Со овој збор се опфаќаат сите индустриски предмети за масовно производство и малосериски производи, мебел, облека, графичкиот изглед на печатените медиуми и др.





Материјали и кроеви, ученички творби



Велс Коутс - "Ехо АД 65" (1934 г.), дизајн на радио



Дизајн на дел од мебел, дизајнерско студио Мемфис (1981 г.)



Бен Бодвен - "Велосипед на иднината" (1946 г.)


ДИЗАЈН
ГРАФИЧКИ
ИНДУСТРИСКИ
ТЕКСТИЛЕН
СПИСАНИЈА
ВЕСНИЦИ
СТРИП
ПЛАКАТИ
ВИЗИТ КАРТИ
МАТЕРИЈАЛИ И КРОЕВИ
ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ:
АВТОМОБИЛИ
МЕБЕЛ
АПАРАТИ ЗА ДОМАЌИНСТВО

## ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН

На крајот од 19 век во Англија се јавува идејата за поврзување на уметниците и индустриското производство со цел да се разубават индустриските производи, а да се уништат имитациите и кичот. Ова поврзување на ,,уметноста и реализациите,, го започнува Вилијам Морис, а потоа од Англија се проширува во Германија, каде што е основана и првата школа за индустриски дизајн Баухаус во 1919 година.



Лајонел Фајнингел - “Катедрала на иднината” (1919г.), Баухаус



Џ. Ритвелд - ”Стол”



Дизајн на формула 1 со додаден ефект на движење



Дизајн на специјални возила

Фази на креирањето на дизајн за автомобил и специјални линијари за цртање криви линии.















## ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН

Графичкиот дизајн е применета уметност која претставува комбинирање на текст, илустрација, фотографија и отпечаток (печатење). Оваа дисциплина се занимава со изработка на печатени решенија. Тука спаѓаат: списанија, весници, билборди, визит карти и сл. Во поново време таа наоѓа свое место и во графичката продукција приспособена на електронските медиуми: интернет, телевизијата и сл.





Зачетоци на дизајнирање на книга, украсување на Светото писмо - околу 680 година

Графичкиот дизајн е професија и значи одбирање и аранжирање на визуелните елементи како текст, фотографија, илустрација, симболи и бои со цел пренесување на некоја порака до одредена публика. Понекогаш за графичкиот дизајн се користи изразот визуелни комуникации, со кој се истакнува неговата функција на давање форма и облик на информацијата. Преку визуелната комуникација се пренесува идеа или порака со цел: информирање, уверување или едуцирање на гледачот.




Насловна страна на списанието
"ДАДА" - (1918 г.)




Ф. Антонио дел Черико -
"Триумф на љубовта" (детал)

Задача на графичкиот дизајнер е да ги комбинира визуелните и вебалните елементи во организирана и ефикасна целина. За првпат поимот графички дизајнер му се припишува на Вилјам Адисон Двигинс 1922 година, а поширока примена доживува по Втората Светска Војна.

Графичкиот дизајн опфаќа изработка на дизајн на амбалажа, индустриски дизајн, дизајн на изложбен простор, па дури и архитектура.



Мирослав Грчев, заштитен знак на фирма




Алфонс Муха - "Плакат за Бенедиктин"

**АМБАЛАЖА**

Под амбалажа се подразбира изработка на кутии, кеси, вреќи и сл. во различна форма и од различен материјал (картон, пластика, метал и др.).



Дрвена амбалажа



Керамичка амбалажа

Амбалажите се обликувани во соодветни димензии, графички се обработени и служат за пакување. На амбалажата е означен произведувачот, таа го информира потрошувачот за содржината, го заштитува производот и др.

Амбалажата се разликува според материјалот (хартиена, картонска, пластична, метална и др.), според функцијата (продажна, транспортна, за пакување) и според трајноста дали може да се рециклира или не).
Обвивка е амбалажа изработена од флексибилни материјали.



Обвивки за касети и ЦД-а со различни димензии и функција



Идејно решение на шишенце за колонска вода

## ВИДОВИ АМБАЛАЖА




Во последно време особено се води грижа за околината и постои тенденција за производство на амбалажи од материјали кои се повратни, односно кои можат да се рециклираат. На тие амбалажи може да се забележи и знакот кој означува дека амбалажата може да се рециклира.



Знак за рециклирање



Идејно решение за картонска амбалажа



Хартиени ќеси и картонски кутии за пакување и транспорт




Пластична амбалажа за козметички производи




Амбалажа за пакување и продажба




Амбалажа за пакување и транспорт





Креативни амбалажи за разновидни произвводи

ЗАДАЧА 1:

Направи дизајн за дадената амбалажа



ЗАДАЧА 2:

Нацртај идејно решение за предмет за секојдневна употреба.

# РЕЧНИК НА ПОИМИ

# РЕЧНИК

А

**Автопортрет** - ликовно дело на кое уметникот го прикажува својот лик

**Апстрактен** - неопределен, непрепознатлив, нереален

**Акватинта** - графичка техника, за која матрицата настанува со нагризување на метална плоча со киселина

**Акварел** - сликарска техника во која боите се раствораат со вода

**Акрилик** - сликарска техника каде боите се разредуваат со вода, но делуваат како маслени бои

**Ателје** - работилница на ликовниот уметник

**Ахроматски бои** - црната, белата и сивите тонови добиени со нивно мешање

Б

**Бакропис и бакрорез** - графички техники кај кои за матрица се користи бакарна плоча

**Бордура** - украсен раб или трака на предметите, ткаенините, носиите, пораб

**Бајц** - течен цртачки материјал со кафена боја добиен од кората на ореовото дрво

**Батик** - техника на боење на ткаенини со помош на нанесување и отстранување на стопен восок

**Биста** - скулпторско дело кое го прикажува само горниот дел на телото на човекот

В

**Вајарство** - скулптура, ликовно подрачје во кое пласичниот облик (тридимензионален) на предметот е изведен во некој материјал (камен, дрво, метал и др.)

**Валер** - светлинска вредност на тоновите

**Волумен** - дел од просторот кој го завзема некое тело, во ликовната уметност под волумен се подразбира прикажување на тридимензионалноста на телата преку различни ликовни средства

**Врзиво** - лепак од разновидно потекло со кој се поврзува бојата во прав (пигмент)

**Вињета** - украсен цртеж или стилизиран приказ во текст, мал цртеж или слика како украс во книгите или списанијата

**Висок печат** - графичка техника при која од матрицата се отпечатуваат само испапчените делови премачкани со боја

**Витраж** - сликарска техника која се добива со компонирање и спојување на стакленца во боја

Г

**Галерија** - простор во кој се собираат, чуваат и изложуваат уметнички дела

**Гваш** - сликарска техника во која се користат водени бои и бела темперна боја

**Гипсорез** - графичка техника на висок печат кај која матрица е гипсана плоча

**Графика** - ликовно подрачје во кое цртежот или сликата се умножува со печатење. Овој поим се користи и за графичките отпечатоци (графичките дела)

**Градација** - постапно менување на вредноста на некој ликовен елемент

**Гравирање** - цртање на линии на метални или други подлоги со механичко гребење

**Графички дизајн** - гранка на применетата уметност

Д

**Декорација** - украсно компонирање на елементите

**Детал** - поединост, дел од целината

**Динамика** - раздвиженост, живост

**Дрворез** - графичка техника на висок печат каде матрицата е дрвена плоча

**Дизајн** - естетско обликување на предмети за индустриско производство

Е

**Енкаустика** - стара сликарска техника која се изведува со спојување на пигмент и восок, се слика на дрвена подлога или на ѕид

**Ентериер** - внатрешност на некој простор

**Естетско проценување** - анализа и утврдување на вредноста на уметничкото дело

И

**Илузија** - сетилна измама, впечаток дека работи за вистински предмети и простор воц ртеж, слика или графика

**Илустрација** - цртеж или слика што го поддржува текстот и неговата содржина

**Индустриски дизајн** - гранка на применетата уметност, обликување на предметите за секојдневна употреба

Ј

**Јаглен** - цртачки материјал( јагленосани липови или врбови стапчиња кои служат за цртање на хартија)

К

**Картон печат** - графичка техника каде матрицата е картон на кој се налепени разновидни облици

**Калап** - модел-негатив за лиење на скулптури

**Керамика** - општ поим кој се користи за сите предмети изработени во глина ( зацврстена со печење)

**Колаж** - сликарска техника на лепење на исечени облици на разнобојни хартии или друг обоен материјал на некоја подлога

**Колорит** - впечаток постигнат со односот на боите на сликата

**Комбинација** - поставување, распоредување на елементи во целина

**Комплементарни бои** - парови на контрастни бои кои се наоѓаат на спротивните краеви на кругот на боите

**Компонирање** - распоредување на ликовните елементи, внесување на ред и складност помеѓу нив

**Композиција** - смислена целина од поедини елементи

**Компјутерска графика** - графичка техника изработена со компјутер

**Контраст** - спротивност на бои, линии, тонови на некое ликовно дело, голема разлика

**Контура** - линија која ги оградува или оцртува облиците на предметите, телата (во цртеж, графика или слика )

Л

**Лавиран цртеж** - цртеж кај кој тушот или бајцот се разредува со вода и се добиваат различни тонови

**Лазурно сликање** - постапка на сликање каде боите се нанесуваат разредено, проѕирно и се наѕира подлогата

**Ликовна уметност** - уметничка гранка во која уметникот се изразува преку видливи, ликовни средства (цртање, сликање, графика, скулптура, архитектура, дизајн и др.)

**Линија** - црта, потез кој настанал на подлогата со употреба на молив, перце, креда, графит и др.

**Литографија, каменотиск** - графичка техника за која матрицата е камена плоча

**Линолеум** - подна облога од мелена плута и ленено масло, смоли и бои

**Линорез** - графичка техника на висок печат кај која матрица е линолеумска плоча

М

**Макета** - предмет изработен во смалена димензија

**Матрица** - предмет на кој е врежан негатив за сериско производство или печатење, во графиката тоа е плоча подготвена за отпечатување

**Минијатура** - ликовна творба со мал формат

**Мобил** - скулптура во движење

**Монотипија** - графичка техника при која се добива само еден отпечаток

**Мотив** - содржина на уметничкото дело, поттикнувач за творештво, елемент во орнаментот кој се повторува

**Мозаик** - сликарска техника која се изведува со компонирање на коцкички од разнобојни стакленца или камчиња на подлога на малтер

**Мртва природа** - мотив, приказ на неживи и статични објекти: овошје, садови, цвеќе, птици, риби и др.

**Музеј** - културно и научна установа во која се собираат, проучуваат, чуваат и изложуваат дела и творби од уметнички, научен, историски, природен и технолошки карактер

Н

**Неутрални бои** - ахроматски бои

**Нијанса** - нежна, едвам видлива промена на светлината во бојата

О

**Оригинал** - изворен примерок, неизменето ликовно дело, онакво какво го создал неговиот творец - уметник

**Органски** - кој припаѓа или припаѓал на живата природа (од растително или животинско потекло)

**Орнамент** - украс, поим кој ги означува сите видови цртани, сликани, ткаени, плетени, резбани или делкани шари-украси

П

**Пастел** - сликарска техника, креди во боја настанати со мешање на пигмент, вода и врзиво

**Пејзаж** - слика на која се прикажува природа

**Плакат** - ликовно решение кое содржи известување, објавување на порака и е графички умножено, гранка на дизајнот

**Пластика** - во уметноста е општ назив за скулптура или поединечно скулпторско дело

**Подлога** - површина на која се црта или слика: даска, платно, метална плоча, стакло, хартија, картон, ѕид и др.

**Портрет** - уметнички приказ на определен лик

**Применета уметност** - група уметности чија цел е да обликуваат предмети за секојдневна употреба

**Пропорции** - сразмер, сооднос на величини, во ликовната уметност тоа е однос помеѓу поедини делови на целината или еден дел во однос на целината

Р

**Рамен печат** - графички техники на отпечатување на рамна плоча (матрица)

**Реалистичен** - вистинит приказ

**Релјеф** - скулпторско дело изведено со испакнати и вдлабнати форми на рамна површина

**Репродукција** -,копија на уметничко дело, направена со умножување

**Ритам** - низа на елементи кои се повторуваат со одредена логика, рамномерно повторување на поедини елементи

**Розета** - украс каде мотивот се повторува во круг, облик создаден со стилизација на цвет

С

**Сигнатура** - потпис

**Симбол** - знак за некој поим, идеја, по кој може нештото да се распознае, разбере

**Симетрија** - потполна идентичност на деловите од двете страни на замислена линија-симетрала, огледално повторување на елементите

**Ситопечат** - графичка техника на рамен печат, која се отпечатува преку ситно сито

**Скица** - основна замисла за некое ликовно дело, цртеж кој му претходи на делото

**Скулптура (вајарство)** - ликовно подрачје на прикажување на форми обликувани во камен, дрво, глина, метал и др., поим кој означува и скулпторско уметничко дело

**Слика** - ликовно дело изразено преку бојата изработено во некоја сликарска техника

**Сликарство** - ликовно подрачје во кое главно изразно средство е бојата

**Споменик** - објект, зграда, уметничко дело, ракопис и сл. кои имаат културна и историска вредност

**Статичен** - кој не се движи, развива

**Стил** - склоп на белези кои некое дело го разликуваат во однос на други дела од ист вид

**Стилизација** - поедноставување на облиците до нивен суштински приказ

**Стилизиран** - поедноставен, но препознатлив

**Структура** - градба, состав, распоред на елементите кои го сочинуваат предметот, објектот

**Сува игла** - графичка техника на длабок печат каде металната матрица се гребе со остар алат (игла)

Т

**Таписерија** - вид на везена или ткаена слика која се поставува на ѕид

**Текстил** - општ поим кој ги означува сите видови на ткаенини

**Текстура** - структурен квалитет на површината на предметите

**Темперни бои** - сликарски материјал изработен од пигмент и лепливо врзивно средство, се раствора со вода

**Теракота** - вајарски дела од печена глина без глазура со жолто-црвена боја

У

**Уникат** - единствен примерок

Ф

**Фактура** - вид на текстура настаната од начинот на примена на сликарскиот материјал

**Формат** - големина, димензија на ликовно дело

**Фриз** - лента (долга, тенка површина) украсена со орнаменти во релјефот, мозаикот, текстилот и сл.

**Фреска** - техника на ѕидно сликарство изведена со боја на малтер

Х

**Хармонија** - складност, согласност, во уметноста складност на линии, бои, движења...

Ц

**Цртеж** - ликовно дело во кое уметникот се изразил преку линијата

Ш

**Штафелај** - назив за сликарски сталак на кој уметникот го става платното

# СОДРЖИНА

Вовед.................... 5
Ликовниелементи.................... 9
Линија.................... 11
Боја.................... 14
Хроматски и ахроматски бои.................... 17
Хармонија на боите.................... 18
Контраст на боите.................... 19
Тон.................... 22
Текстура.................... 25
Форма.................... 28
Простор.................... 30
Композиција.................... 33
ОРНАМЕНТ.................... 35
Историја на орнаментот.................... 36
Видови орнаменти.................... 37
Поделба на орнаментот.................... 41
Орнаментот во народните носии во македонија.................... 42
Ликовни подрачја и техники.................... 45
Цртање-цртачки техники.................... 46
Естетска анализа на цртеж.................... 49
Сликање и сликарски техники.................... 50
Естетска анализа на слика.................... 55
Скулптура (Пластично обликување).................... 56
Естетска анализа на скулптура.................... 63
ГРАФИКА.................... 64
Процес на создавање на уметничко дело.................... 65
Алат и помагала.................... 68
Графички техники.................... 69
Техники на висок печат.................... 70
Гипсорез.................... 71
Картон печат.................... 72
Техники на длабок печат.................... 72
Техники на рамен печат.................... 75
Литографија.................... 75
Монотипија.................... 76
Пропустлив печат.................... 76
Компјутерска дигитална графика.................... 78
Естетска анализа на графика.................... 80
Дизајн и визуелни комуникации.................... 81
Применета уметност.................... 82

Дизајн и историја на дизајнот..........83
Индустриски дизајн..........86
Графички дизајн..........88
Амбалажа..........90
Видови амбалажа..........91
РЕЧНИК НА ЗБОРОВИ..........94

**ТОПЕР** - дооел
ул. Дане Крапчев 21
Скопје

За Издавачот:
Томислав СТАНОЈЕВИЌ

*

Ана ЦВЕТКОСКА ПАНОВА
М-р Ангелина ДАМЈАНОСКА НАУМОСКА
ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
за шесто одделение
на основното осумгодишно образование

*

Главен уредник:
Гордана СТАНОЈЕВИЌ

*

Лектор:
Олгица Додевска

Технички уредник:
Нада НИНИЌ

*

Компјутерска обработка:
МЕРЦЕР СТУДИО

*

Рецензенти:
Рецензионата комисија за стручно вреднување на ракописот формирана со решение бр.10-2339/1 од 03.11.2008 год. од Министерот за образование и наука на Република Македонија, во состав:
проф. др. Снежана МИРАСЧИЕВА - претседател
Цонка БУКОВАЛОВА - член
Лулјета АЗИЗИ - член

Со решение бр. 07-1021/1 од 5.2.2008 година од Министерот за образование и наука на Република Македонија, овој учебник се одобрува за употреба во основните училишта на Република Македонија.

Ракописот е предаден во печат во ноември 2008 год. Печатењето е завршено во ноември 2008 год. Обем: 103 страници. Формат: 21x29,7 см.
Тираж: 1 000 примероци. Печати: Печатница: "Киро Дандаро" - Битола

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека" Св. климент Охридски", Скопје

373.3.016:73/76(075.2) = 163.3

ЦВЕТКОСКА Панова, Ана
Ликовно образование за шесто одделение на основното осумгодишно образование / Ана Цветкоска Панова, Ангелина Дамјаноска. - Скопје : Топер, 2008. - 99 стр. : илустр. : 30 см

Речник: стр. 95-99

ISBN 978-608-208-001-7
1. Дамјаноска, Ангелина (автор)

COBISS.MK-ID 74607626

